## БЛАГОЈА ТАЛЕСКИ — КОЦЕ СОЛУНСКИ
## ПРИЛЕПСКА ХРОНИКА — Н О Б
**Прилеп, 1982, 1—427.**

Во втората половина на 1982 година во издание на Општинскиот одбор на Сојузот на борачките организации од Прилеп, излезе од печат трудот на Благоја Талески и Коце Солунски, под наслов: Прилепска хроника — НОБ.

По својата композиција овој труд, покрај воведниот дел на авторите (с. 7—11), поделен е уште на пет глави, кои ги зафаќаат периодот од Шестојануарската диктатура заклучно со конечното изгонување на германските фашисти од Прилеп, 3 ноември 1944 година (13—363).

Книгата е илустрирана со повеќе фотографии на истакнати борци и раководители од Прилеп и Прилепско како и со повеќе масовни фотографии. Како посебни прилози во хрониката печатени се уште: список на загинати борци од Прилеп и Прилепско во борбите за ослободување не само на Македонија, туку и во завршните операции на конечното ослободување на Југославија (365—375;) потоа следуваат резимеата на руски и англиски јазик (377—383); списокот на користените општи дела и библиографски прирачници, изворите, литературата, статиите и соопштенијата, објавените сеќавања, како и сеќавата во ракопис прибирани од поголем број учесници во НОБ што се наоѓаат кај авторите (385—402). Потоа дадени се регистерот на лични имиња (403—423) и содржината.

На крајот на хрониката во прилог печатени се и шест мошне успешни скици кои ги прикажуваат: движењето на партизанските одреди 1942 година во Прилепско; Богомилскиот поход — февруари 1944 година; заземањето на Прилеп — септември 1944 година; борбите за одбрана на Прилеп — септември 1944 година; борбите за ослободување на Прилеп: 29 и 30 октомври 1944 година и борбите за ослободување на Прилеп во текот на 31 октомври и 1 и 2 ноември 1944 година.

Глава I, ,стр. 13—76 говори за партиската, синдикалната, културно-просветните активности и за активноста на младината, за здружението на тутунопроизводителите, за активноста во општинските и парламентарните избори, како и за изборните резултати. Посебен наслов е посветен на Илинденската демонстрација во Прилеп од 2 август 1942 година; потоа за организационата структура на КПЈ; за организацијата на жените и др.

Во наредните глави: II, стр. 77—190; III, стр. 191—253; IV, стр. 255—312 и V, стр. 313—360, хронолошки по години од 1941 заклучно со 1944 година се следат сите настани збиднати во Прилеп и Прилепско, почнувајќи од Априлската војна, периодот на безвластието, германската, а потоа и бугарската окупација; априлскиот состанок и советувањето на Месниот комитет на КПЈ за Прилеп (прв од ваков вид одржан на територијата на Југославија уште во текот на војната), јунското и јулското советување на МК КПЈ, Илинденската демонстрација од 1941 година, потоа во целина подготовките за формирање на парти-

зански одред, нападот на прилепскиот партизански одред на 11 октомври 1941 година, со што се означи почетокот на вооруженото востание на македонскиот народ и народностите; натамошната активност на прилепскиот партизански одред и противмерките на бугарскиот фашистички окупатор за задушување на започнатото востание и на Народноослободителното движење во целина.

Развојот на ослободителната војна е предмет кој авторите го обработуваат во третата и четвртата глава на трудот, речиси по сите линии: вооруженото востание со формирањето на нови партизански одреди, нивната активност и успесите; политичката активност, активноста по линија на власта, а напоредно со тоа и засилениот терор на бугарскиот окупатор.

Во последната петта глава што носи наслов: Последна година под туѓинско владеење, авторите на хрониката зборуваат за доизградувањето на системот на народната власт во Прилеп и Прилепско; за Февруарскиот поход на овој терен; за подготовките за одржувањето на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ); за формирањето на петтата прилепска бригада, за ослободувањето на Прилеп и почетокот на слободниот живот во градот.

*

Во трудот во целина мошне сликовито, документирано и лесно читливо се обработува најславниот дел од историјата на македонскиот и југословенските народи и народности — периодот на Народноослободителната борба и социјалистичката револуција во Прилеп и Прилепско. Меѓутоа, вредноста на овој труд не е само во тоа. Всушност, Прилепската хроника — НОБ ја сублимира борбата на целиот македонски народ и народностите, односно и на другите градови во Македонија, а Прилеп сосема природно зазема почесно место, како најреволуционерен град во Македонија. Впрочем, хроникава тоа и самата го потврдува. Како резултат на тоа и не случајно Прилеп е прогласен за град херој во Југославија.

Сите изнесени настани се резултат на многугодишни и брижливи истражувања, како во собирање на архивска граѓа, исто така и во собирање на сеќавања лично од самите автори, кои во исто време се и директни учесници во многу настани опишани во хрониката.

Сосема нормално е што авторите, за да ги објаснат настаните од НОБ, се враќаат назад и своите кажувања ги почнуваат од 30-тите години на XX-тиот век наваму.

Во хрониката мошне убедливо и аргументирано се прикажани настаните и промените по навлегувањето на германо-бугарските фашистички окупатори во Прилеп и Прилепско, окупаторскиот систем, мерките за зацврстување на власта, методите за денационализација и фашизација, теророт (апсења, интернирања, депортирања, судски

процеси до масовни стрелања). Меѓутоа, сите овие мерки на окупаторот, се докажува во хрониката, не беа во состојба да ја скршат решеноста на македонскиот народ, предводен од КПЈ—КПМ, да истрае до крај во оваа последна, решавачка битка за здобивање на национална и социјална слобода. Читајќи ја публикацијата Прилепска хроника — НОБ недвојбен е впечатокот дека, колку повеќе се заоструваат теророт и репресивните мерки на бугарскиот окупатор во овој наш град на непокор, уште повеќе се изразува активноста на организацијата на КПЈ — КПМ партизанските одреди и воените единици, односно Народноослободителното движење во целина во овој крај.

Во Прилепска хроника — НОБ, преку целиот текст мошне успешно НОБ во Прилеп и Прилепско се прикажува како составен дел на НОБ на Македонија, односно Југославија, дури и пошироко.

Од првите партизански истрели на 11-ти октомври 1941 година, па сѐ до конечнюто ослободување на Прилеп и Прилепско, авторите од ден на ден, од година во година го следат развојот на НОБ во овој крај, нејзиното ширење и масовизирање.

Агитацијата и пропагандата, како составен дел на Народноослободителното движење, како и појавувањето на органот на Народноослободителниот фронт на Прилеп и Прилепско „Народен глас“ во кој се печатат разни статии за борбите и успесите на Народноослободителната борба не само на теренот во Прилеп и Прилепско, туку и од целата територија на Југославија, во книгата сосема оправдано се посветува посебно внимание.

Прилепска хроника — НОБ на мошне едноставен и документиран начин, покажува и докажува дека до слободата што ја имаме денес се дошло преку големи напори и скапи жртви. Оттаде и пораката што сосебе ја носи за оваа и идните генерации: да ги негуваат и развиваат револуционерните традиции и да ја бранат со крв стекнатата слобода. А како свесно се гинело за исполнувањето на вековните стремежи на многу македонски генерации, на ова прашање одговор дава Прилепска хроника — НОБ, која како што рековме и не е само Прилепска и не е само македонска, туку е и југословенска.

Ценејќи ги напорите на авторите, целта што пред себе си ја поставила, како и вредностите што ни ги нуди ова дело, со право можеме да заклучиме дека македонската историографија и не само таа, добива уште еден значаен прилог, кој еднакво ќе го сврти вниманието како на научната, исто така и на пошироката јавност.

Владо А. ИВАНОВСКИ